Архивски знак. ____________
Рок на чување. ____________
____________ 20 ___ год.
Потпис.
____________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 08-423/1
24.08.2022 год./viti
СКОПЈЕ- SHKUP

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

Врз основа на член 6 од Законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), а поаѓајќи од заложбите за обезбедување на почитувањето на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, етички норми, довербата и заштитата на човековите права, директорот на Оперативно-техничката агенција донесе:

# АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА
# И
# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА И СПРЕЧУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈАТА ЗА ПЕРОДОТ 2022 -2023 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Оперативно-техничката агенција (понатаму во текстот:ОТА), во функција на заложбата во борбата против корупцијата и судирот на интереси, го изработи овој програмски документ во кој се апострофирани значајни компоненти, утврдени се принципите на антикорупциска политика, и предвидени се активности кои треба да се спроведат во тековната 2022 година и наредната 2023 година.

Програмскиот документ ги утврдува начелата, политиките, приоритетните цели како и мерките и активностите што во одредени рокови во претстојниот планиран период ОТА треба да ги преземе за нивна реализација и креирање на соодветни политики кои треба да дадат резултати при постигнувањето на целите на оваа програма.

## II. ЦЕЛИ НА ДОКУМЕНТОТ

Овој документ треба да придонесе да се оневозможи и намали корупција и да се обезбеди повисока јавна доверба кон работата на ОТА, како и зголемување на интегритетот, транспаренстноста и отчетноста во сите сектори и организациони единици во ОТА.

Овој антикорупциски план на ОТА е дизајниран да дејствува прво превентивно, односно на намалување на ризиците од корупцијата преку донесување, усогласување и примена на соодветна антикорупциска политика, регулатива, јакнење на функционалност на институцијата на системот за враќање на довербана јавноста, јакнење на свеста и вклучување на релевантните и надлежни


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje
www.ota.mk
info@ota.mk

чинители во антикорупциските напори.

Овој документ е заснован на објективни процеси и цели кои треба да резултираат со континуирано оневозможување на корупцијата, а неговата имплементација ќе придонесе кон остварување не само на институционалната, туку и на поширокатa општествена цел.

Со развојот на комуникациите, информатичката технологија и се поголема размена на информации, ОТА се фокусира на следење на современите трендови на развој и постепено усогласување на своите клучни домени на работа со темпото на развој на современите текови. Оттука, ОТА е концентрирана на развој на соодветни политики и воведување на практични дигитални алатки кон дигиталната трансформација на институцијата, правосудниот и безбедносниот сектор во целина, за проценување и управување со ризик на безбедноста, за зајакнување на сајбер безбедноста и подигнување на нивото на безбедносната свест кај вработените и корисниците на доверливите и класифицирани информации. Во таа насока оди и изработката на овој документ кој ги инкорпорира постоечките политики и акти, како и сите останати документи и активности кои треба да произлезат од истиот.

Со определбата на ОТА за стратешко развивање на своите технички и човечки капацитети, делувањето на ОТА е во правец на унапредување и интегрирање на целокупниот систем за законито, ефикасно и безбедно следење на комуникациите, кој самиот ќе им овозможи на правосудните органи и овластените органи непоколеблива и сигурна борба со организираниот криминал и корупција, истовремено посветувајќи особено внимание на почитување на човековите права и слободи и враќањето на довербата на јавноста.

## III. ПОИМИ, ДЕФИНИЦИИ И НАЧЕЛА

Поимот на корупција се поврзува со стекнувањето на противправна лична корист на поединец или група на штета на јавните финансии и воопшто, јавниот интерес во земјата. Корупцијата е динамична појава и истата може да се појави во многу и различни форми од кои најчесто застапени се следните: Злоупотреба на службена должност; Поткуп; Тргување со влијание; Користење на службени добра за лични потреби; Судир на интереси; Изнуда; Непотизам; Кронизам; Само-договарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма) и други. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, опфаќајќи ги јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во јавниот сектор, институциите, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за општеството заради ерозијата на вредностите.


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje
www.ota.mk
info@ota.mk

Категорија која задолжително се разгледува при дискусија за корупцијата е интегритетот. Интегритетот е квалитет на дејствување во согласност со општо прифатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес. Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Од друга страна, не секое кршење на интегритетот значи коруптивно однесување. Во контекст на спречувањето на корупцијата, интегритетот подразбира- моќта што ја носи определена функција да се користи исклучиво за остварување на јасно дефинирани и јавно декларирани цели.

Концептот на интегритетот е составен дел на системот на добро владеење, во смисла на градење и негување на духот на интгритет на лично и институционално ниво, со што би се поттикнала и обезбедила независност, професионалност, отчетност, во извршување на надлежностите утврдени со законите и другите прописи. Системот за интегритет во организацијата го означува збирот од сите политики, стандарди, процедури, кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на вработените во организацијата.

Давањето и примањето подароци поттикнува создавање на модел на коруптивно однесување, во насока на охрабрување на размислувањето кај поединците дека со подароци се добива подобар третман, со што расте и вредноста на подароците надвор од законските граници. Законската регулатива пропишува законски мерки, но примената на оваа регулатива во пракса наидува на тешкотии. Службеното лице добива плата за својата работа, а давањето подарок од страна на прималелот на услугата по нејзина/негова волја како благодарност за завршената работа е дозволено во вредност согласно законските норми. Потребна е заложба и посветеност во рамки на институцијата за регулирање, контролирање на овој вид на т.н. „ситна“ корупција бидејќи наспроти мислењето дека истата не предизвикува поголема штета, треба да се истакнат кумулативните ефекти (финансиски), како и ефектите врз етичките вредности во општеството за да се процени вистинското и долгорочното влијание на „обичајот“ на давање/примање подароци.

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Република Северна Македонија („Сужбен весник на РМ“ бр.12/2019) поимите и начелата се уредени на следниот начин:

- **„корупција‘**, во смисла на законот, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг и ги опфаќа и поимите на:
- **„пасивна корупција“** – намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje

www.ota.mk
info@ota.mk

- **„активна корупција"** – намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.
- **"судир на интереси"** е состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".
- Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува во согласност со Уставот и со законите.
- Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.
- Никој не може да биде повикан на одговорност за корупција освен во случаите и условите предвидени со овој закон, со Кривичниот законик и друг закон и во постапка пропишана со закон.
- Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
- Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
- Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.
- Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола.
- Никој не може да се повика на примена на закон или друг пропис со кој ќе се ограничи или исклучи јавноста за да се прикрие корупција или судир на интереси.
- Секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.

## IV. РЕЛЕВАНТНА РЕГУЛАТИВА

Постојат повеќе законски и подзаконски акти кои се однесуваат, односно пропишуваат постапки и материјални одредби во насока на борбата со корупцијата и судирот на интересите. Меѓу позначајните се: Устав на РСМ, Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси,

Национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2021 – 2025, Закон за јавните набавки и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот меѓу што и Кодекс на однесување при спроведување на јавни набавки, како и Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста, Закон за вработените во јавниот сектор, Закон за работните односи, Закон за јавна внатрешна финансиска контрола, Закон за заштита од укажувачи, Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Кривичниот законик, Закон за лобирање, Закон за класифицирани информации, Правилник за заштитено внатрешно пријавување, Правилник за заштитено надворешно пријавување. Во заложба на меѓународната заедница, во борбата против корупцијата се донесени Конвенцијата на Обединетите ации против корупција и Цивилната конвенција за спречување на корупција, кои бидејќи Република Северна Македонија ги има ратификувно овие правни документи истите претставуваат дел на домашниот правен поредок, како и документите и упатствата на ГРЕКО. Од аспект на планови и програми кои се од стратешко значење за функционирање на ОТА и следствено на тоа за борба против корупцијата и судирот на интереси се и релевантните законски и подзаконските акти од кои ги уредуваат организацијата, надлежноста, раководењето и работењето на ОТА, како и сите подзаконски и интерни акти донесени во рамки на ОТА, истакнувајќи ги: Закон за Оперативно-техничка агенција, Закон за следење на комуникациите, Правилник за начинот на постапување на операторите при спроведување на мерките за следење на комуникациите и начинот на вршење на стручен надзор од ОТА, Правилник за мерките и стандардите за информациска безбедност, Правилник за службената легитимација и значка, Етичкиот кодекс за вработените и други лица кои вршат работи во Оперативно-техничката агенција, Стратегијата на ОТА 2022-2024 и стратешките планови и сите останати интерни важечки акти за спроведување на набавки, за постапки за селекција при вработување, за постапување на вработените, за внатрешен ред и останати акти.

## V. АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА НА ОТА

ОТА ги усвојува следните принципи на антикорупциска политика:

- ОТА не толерира коруптивно однесување, односно искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување било каква корист на вработените и/или негов близок.

- ОТА не толерира било каква форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон и спротивно со Етичкиот кодекс за вработените и други лица кои вршат работи во Оперативно-техничката агенција.


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje

www.ota.mk
info@ota.mk

- Директорот и раководните лица во ОТА се одговорни за проценка и отстранување на ризиците кои што придонесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање на повластен третман или било каква друга форма на неетички и незаконско однесување.

- Вработените, односно службените лица се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување, за надлежностите на ОТА да бидат лојални кон институцијата, а не кон други организации и лица (од приватен, јавен сектор, здруженија, организациии, политички партии...)да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за угледот на институцијата во јавност во секое време.

- Од сите вработени во ОТА се очекува да се придржуваат кон следното:

- Да се стремат кон највисок можен стандард на услуга, преку утврдени и воспоставени процедури и без страв да укажат на какви било недостатоци, потенцијални слабости на внатрешната контрола или несоодветни процедури;
- Да се придржуваат до Уставот и сите закони, прописи и политики што се применливи;
- Да постапуваат непристрасно и да недаваат преференцијален третман на која било приватна или јавна организација или индивидуа;
- Да се стремат кон заштита и зачувување на јавниот имот и средства;
- Навремено откривање и информирање за незаконски активности, измама, злоупотреба и корупција;
- Да настојуваат да избегнуваат какви било активности што ќе создадат изглед дека ги кршат законот или етничките стандарди;
- Да вложуваат искрени напори во извршувањет на нивните работни задачи и задолженија;
- Да се придржуваат кон одредбите на релевантното законодавство за доверливост, како и на законодавството за класифицирани информации;
- Да не обезбедат или помогнат на друг да се стекне со било каква корист или интерес, како и да не шпекулираат или помогнат на друг да шпекулира врз основа на информации;
- Да не постапуваат со намера да добијат корист или да наштетат или намерно и/или свесно да злоупотребат вредност што и припаѓа на ОТА и/или државата.
- Да не присвојуваат финансиски средства кои се во спротивност со совесното извршување на нивните службени должности и одговорности;
- Да не се занимаваат со каква било финансиска или друга трансакција од интерес, со цел да се оствари било каков приватен интерес со користење на јавни и/или нејавни информации што ги добиваат во текот на нивното работење;
- Да не превземаат неовластени обврски или ветувања од каков било вид;

- Да не се ставаат под било каква финансиска или друга обврска кон надворешни лица или приватни/јавни организации што можат да влијаат врз нив во извршувањето на нивните службени должности;
- Сите присуства на конференции или други настани, семинари, обуки или слични собири треба да бидат одобрени од раководните структури и да бидат докажано корисни за ОТА и за обука и развој на вработените.
- Да не се занимаваат со надворешно вработување или активности , вклучително и барање или преговарање за вработување, што е во спротивност со службените должности и одговорности;
- Ниту едно вработено лице не смее да бара, да нуди, да дава совет, да се согласи да даде, прифати или да се согласи да прифати било каква корист во замена за неговата одлука, мислење, препорака, гласање или друго практикување на службена моќ или дискреција;
- Вработените кои имаат дискреција во врска со договори, набавки, плаќања, побарувања и други парични трансакции, не можат да бараат, прифаќаат или да се согласат да прифатат каква било корист од кое било лице за кое вработените лица знаат дека се заинтересирани или веројатно ќе се интересираат за било кој договор, купување, плаќање, побарување или трансакција што вклучува дискреција на било кое вработено лице;
- Вработените лица треба да бидат свесни дека е кривично дело коруптивно да се прима или дава незаконски подарок, заем, хонорар, награда или предност за правање или непочитување на што било или покажување наклоност и неповолно однесување на кое било лице во нивно службено својство и доколку биде изнесено обвинение, треба да покаже дека таквите награди не се добиени коруптивно.

- Вработените на кои им бил понуден поткуп или биле поттикнувани на незаконски или неетички дејствија треба да ја прекинат комуникацијата со лицето кое нуди поткуп и писмено да го известат надлежното лице во ОТА. Притоа, вработениот треба да ги појасни деталите вклучително и времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.

- Доколку вработен не постапува согласно пропишаните процедури, против него ќе биде покрената соодветна постапка за утврдување на одговоротност, а доколку таква се утврди ќе биде изречена и спроведена казна.

- Во ОТА има назначено овластени лица, а може да се формира и комисија/работна група за преземање активности за спроведување, следење, и координација на воспоставениот систем за интегритет (работна група за интегритет).

- Превенција против корупција - овластените лица, односно комисијата/работната група за интегритет редовно ќе одржува состаноци со раководителите и ќе спроведува обуки со цел да се појаснат штетните последици од коруптивното однесување. Истовремено ќе работи и на подигање

на свеста на вработените за системот на интегритет во ОТА и негово доследно почитување.

- По добивање на пријава за поткуп, корупција и судир на интереси, овластените лица и работната група за интегритет треба да ги соберат сите потребни информации за соодветниот случај и да испрати пријава до Државната комисија за спречување на корупцијата во печатена форма или по електронски пат.

- Службено лице во ОТА не смее да ја злоупотребува својата положба за остварување на корист, при што како работи од јавен интерес се сметаат и активностите што се вршат во рамките на дејствувањето на политичките партии, синдикатите, здруженијата и фондациите.

- Постапување во случај на постоење на судир на интереси - службеното лице во ОТА, во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интерес и да преземе мерки за негово одбегнување.

- Во случај на сомневање на постоење на судир на интереси, слжбеното лице во ОТА е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот и/или приватниот интерес на друго лице (физичко, правно, орган, организација и др.) врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен до дирекрот на ОТА.

- Во случај на постоење на сомневање за судир на интерси, службеното лице е должно да побара мислење од ДКСК.

- Пријавување на состојба на судир на интерес - ако службено лице во ОТА учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерс, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес за да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

- Прикривањето на постоење на приватен интерес за службеното или друго лице претставува повреда на должноста од страна на службеното лице и основа за покренување на постапка за утврдување на одговорноста и изрекување на мерки согласно со закон.

- Службеното лице во ОТА кое учествува или одлучува во постапка за избор, именување или вработување или е вклучено како член на тело, комисија, група или слично што ја спроведва таа постапка е должно да го извести раководното лице до директорот на ОТА за сите постапки кои можат да предизвикаат судир на интереси.


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje

www.ota.mk
info@ota.mk

- По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот (за избор, за склучување на договор, за вработување/ангажирање), директорот на ОТА е должен да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појава на судир на интереси.

- Во случај на сомневање дали постои судир на интерес, службеното лице или директорот на ОТА можат да побараат мислење од ДКСК.

- Забрана за примање на подароци - службеното лице при вршењето на јавните овластувања и должности не смее да прима подароци, освен во случаите во износ и на начин утврдени со закон.

- Вработените се должни да пријават било какво корупцивно однесување на начин пропишан во процедурите за пријавување на случаи во кои постои сомнеж за корупција или друго неетичко однесување.

- Пријавувањето на корупцивно однесување на лица кои што се вработени во ОТА е должност на секој. Тоа не е лично прашање, ниту право на избор, туку е дел од службената должност и одговорност.

- На вработениот кој што пријавува корупција му се гарантира дека информациите се целосно доверливи.

- Вработените кои биле сведоци или имаат основани сомневања за неетичко или незаконско однесување на вработени во ОТА мораат во печатена форма, телефонски или преку електронска пошта, да го информират овластеното/овластените лице/лица/комисии во ОТА.

- По анонимните пријави ќе се постапува само доколку содржат доволно податоци кои што ќе обезбедат утврдување на фактичка состојба.

- Директорот и раководните структури на ОТА, врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина, го гарантираат правото на заштита од одмазда и закани кон лицата кои што пријавиле неетичко и незаконско однесување.

- Доколку се докаже дека лицето тенденциозно и злонамерно пријавило и/или дало лажен исказ, против него ќе бидат преземени соодветни мерки на одговорност.

- Корупцивните однесувања се казниви согласно Кривичниот законик, а актите на корупција и неетичко однесување утврдени со антикорупциската политика, задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска постапка, која што не исклучува и кривична одговорност.


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje

www.ota.mk
info@ota.mk

- Ништо што е содржано во оваа антикорупциска политика не е ограничувачки фактор за вработените во поглед на пријавувањето на кривични дела кај надлежни органи.

Поаѓајќи од горенаведеното, приоретизирајќи го јавниот интерес истовремено на почитување на основните права и слободи на граѓанинот и довербата на јавноста, ОТА одлучно се залага и ги почитува начелата на законитост, интегритет, еднаквост, јавност, заштита и одговорност, со особен акцент на интегритетот на вработените, нивната стручност, компетентност и професионалност, нивната сензибилизираност кон доверливите, класифицирани и безбедносни податоци.

## VI. ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА И СПРЕЧУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ВО ОТА ЗА 2022-2023

Годишниот план за спречување на корупција во ОТА за периодот 2022-2023, се состои во поставување и залагање за ревносно и доследно исполнување на следните цели:

### 1. Спроведување на надлежностите на ОТА на законит, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин

Професионална и политички неутрална Агенција која делува на правилен, транспарентен, етички, економичен, отчетен и ефективен начин е основното начело за спречување на корупцијата и јакнење на довербата на јавноста во институцијата.

### 2. Обезбедување на интегритет и транспарентност при вработувањето во ОТА, во согласност со системот на вредности и критериуми за квалитет и безбедносни проверки согласно Закон

Правична, заснована врз заслуги и деполитизирана политика за човечки ресурси е основа за градење компетентен и професионален кадар. При вработувањето, потребно е да се почитуваат сите пропишани процедури, да се вклучат што повеќе мерливи критериуми за проценка на кандидатите во постапка за избор, да се спроведат безбедносни проверки од надлежни институции, контролирано и во исклучително оправдани ситуации користење на дискреционата моќ на функционерот кој избира и настојување на што поголема транспарентност на постапката, во согласност со закон, посветувајќи внимание на нужните ограничувања во насока на заштита на доверливите и класифицирани податоци, деловните и службени тајни.


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje

www.ota.mk
info@ota.mk

3. **Јакнење на надзорните и контролните механизми**

За правилно спроведување на донесените законски, подзаконски и интерни акти, како и за спречување на неправилности и изнаоѓање на решенија за корупцијата, неопходно е зајакнување на механизмите за контрола, надзор и проверки, подобрување на правната рамка и финсиските, човечките и материјалните ресури, како и зајакнување на знаењата и вештините на вработените и нивната отпорност кон корупцијата.

4. **Дигитализација на процесите**

Дигитализацијата на процесите од надлежност и во рамки на ОТА, ја подобрува ефикасноста при работењето, ги забрзува процесите, го намалува човечкиот контакт и можностите за корупција, овозможува висока транспарентност на сите нивоа, ја подобрува интеракцијата помеѓу учесниците, и ги олеснува контролите, анализата на податоци и откривање на корупција.

5. **Нулта корупција при набавките, контрола на спроведувањето над договорите со почитување на финансиска дисциплина**

Да се постапува во насока на почитување и заштита на јавните ресурси при набавките, за да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките и правичен третман на понудувачите, неопходно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност на процесите (почитувајќи ги одредбите за доверливост и класифицирани информации), подобрување на современите електронски системи, континуирано вложување напори во образованието на човечките ресурси и нивниот интегритет, како и да се охрабри пријавувањето на неправилностите и да се надгледува сѐвкупниот процес, вклучително и контролите за спроведување на склучените договори.
Точно и прецизно планирање на постапките за (јавни) набавки, во законски и утврден рок.
Објавување на достапните планови и целокупна документација согласно законските прописи преку користењето на електронскиот систем кај јавните набавки и објавување на БЈН и интернет страницата на ОТА.
Службеното лице не смее да врши незаконско влијание во постапката за (јавна) набавка. Системот на јавните набавки се темели на начелата на слободно движење на стоките, слобода на основање, слобода на обезбедување на услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција меѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман и сразмерност.
Професионалната едукација на вработените преку одржување на надградба на знаењето, обуки за практична примена на Законоте за јавните набавки и обуки за антикорупција, интегритет и спречување на судир на интереси во постапките за јавни набавки.

Контролата над спроведувањето на договорите е нужна заради ефикасно, прецизно, квалитетно извршување на предметот на договорите. Договорите треба да се реализираат совесно, според потребите и да се контролира и евалуира квалитетот на нивното извршување, а во случај на детектирање на одредени коруптивни практики за истото да се алармира и дасе спроведе соодветна постапка согласно закон. Финансиска дисциплина е состојба во којашто сите учесници на пазарот ги исполнуваат своите обврски во рамки на законските и договорените рокови. Тенденцијата на секоја национална економија е одржување на високо ниво на финансиска дисциплина, бидејќи на тој начин се намалуваат ризиците и трошоците на работењето, а се поттикнува и долгорочен економски раст. Во отсуство на финансиска дисциплина се појавуваат голем број последици, меѓу кои: раст на ризиците; раст на трошоците на трансакциите; неефикасна конкуренција; дисбаланс на пазарната рамнотежа, забавување на економскиот раст и други.

6. **Подигнување на свеста и спроведување на антикорупциска едукација**

Подигањето на свеста за атикорупција и етика кај вработените е неопходно бидејќи информираната личност со интегритет е клучна во борбата против корупцијата. Покрај активности за општа свест, целните групи на вработени треба периодично да се обучуваат за разбирање на штетните последици од корупцијата, антикорупциските алатки и етиката.
Со цел да се намалат можностите и просторот за коруптивно дејствување, потребно е прецизно дефинирање на регулатива во сите области, посебно во критичните со високи ризици од корупција, имплементација на законите и навремено санкционирање на случаите на корупција.

7. **Зајјакнување на антикорупциската политика**

ОТА се залага за континуирано следење на регулативите, стандардите и практиките во областа на заштитата од корупција и судирот на интереси со што во континуитет ќе работи за и спроведување на активности за превенција и навремено и соодветно справување со ризиците и последиците од корупцијата.

## VII. АКЦИСКИ ПЛАН, СЛЕДЕЊЕ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИМЕНА НА АНТИКОРУПЦИСКАТА ПОЛИТИКА НА ОТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН

Директорот и овластените лица се надлежни да ја следат примената на антикорупциската политика на ОТА и реализацијата на Годишниот план и активностите утврдени во истиот.


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje
www.ota.mk
info@ota.mk

Заради ефикасно спроведување на приоритетните цели на годишниот план за спречување на корупција во ОТА за периодот 2022-2023, директорот на ОТА носи Акциски план во кој покрај поставените цели, се предвидени мерките и активностите што во одредени рокови во претстојниот планиран период ОТА треба да ги преземе дедицираното службено лице/ за нивна реализација.

Во зависност од потребите, содржината на Антикорупциската политика на ОТА и Годишниот план може да е предмет на измени и дополнувања.

Следењето и известувањето за спорведувањето на мерките и преземените активности по годишниот план е базиран на прибавување и обработка на податоци за потребите за изработка на еден годишен извештај, а по потреба и вонредни извештаи при идентификувани случаи на корупција.

Финансиски средства за спроведување на активностите од овој годишниот план се обезбедени преку буџетот на ОТА, а овластените лица, надлежните вработени и организационите единици ги спроведуваат како дел од редовните работни задачи.

## VIII. ЗАВРШНО РЕЗИМЕ

Антикорупциската политика и годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси со акционен план за нејзино спроведување е документ кој го донесува директорот на ОТА.

Тој стапува на сила на денот на негово донесување и опфаќа период од две календарски години, односно се однесува на периодот септември 2022- септември 2023 година.

Во овој програмски документ се земени во предвид и пренесени делови од релевантните национални документи од Стратегијата и делови од текстови на документите за борба против корупцијата и судирот на интереси од ДКСК.

Со реализацијата на принципите на антикорупциската политика, како и исполнување на целите и мерките од годишниот план за претстојната година, треба да се обезбеди подигнување на довербата кон спроведувањето на дејноста на ОТА, ефикасно користење на јавните ресурси и јакнење на демократијата и довербата во институцијата, општествените вредности и остварување на човековите права и слободи.

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

ДИРЕКТОР
Зоран Ангеловски


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje
www.ota.mk
info@ota.mk